**КРАТКО РЕЗИМЕ**
**на Заклучокот на Комисијата за заштита на конкуренцијата за поведување постапка за оцена на евентуална незаконска државна помош во врска со Програмата за инвестирање во животната средина за 2025 година**
**(предмет бр. 10-39)**

**1. Опис на помошта**

Предмет на постапката е Програмата за инвестирање во животната средина за 2025 година донесена од Министерството за животна средина и просторно планирање.
Во рамките на постапката ќе се испитува дали мерките и активностите предвидени со наведената Програма претставуваат државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош, како и дали врз основа на истите биле доделени средства на корисници.

**2. Прелиминарна оцена на Комисијата во однос на карактерот на помошта**

Врз основа на расположливите податоци и документација, Комисијата за заштита на конкуренцијата располага со сознанија кои упатуваат дека мерките содржани во Програмата за инвестирање во животната средина за 2025 година можат да претставуваат државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.
Комисијата ќе ја оцени природата, карактерот, корисниците и условите за доделување на средствата, како и нивната усогласеност со правилата за државна помош.

**3. Причини поради кои постојат сериозни сомневања за постоење злоупотребена државна помош**

Министерството за животна средина и просторно планирање во текот на 2025 година доставило Известување за планирано доделување на државна помош во врска со Програмата за инвестирање во животната средина за 2025 година.
Во постапката на претходно испитување, Комисијата побарала дополнителни информации и појаснувања неопходни за оцена на мерките содржани во Програмата. Бараните информации не биле доставени, поради што Комисијата, согласно член 2 став (5) од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, сметала дека известувањето е повлечено.
Поради недоставувањето на потребните информации, Комисијата не донела решение за дозволеност на предметните мерки согласно член 15 од Законот за контрола на државната помош.
Од Програмата за инвестирање во животната средина за 2026 година произлегуваат индиции дека проекти и активности одобрени согласно Програмата за инвестирање во

животната средина за 2025 година биле реализирани, односно дека биле распределени средства за нивна реализација.
Имајќи предвид дека за предметните мерки не било донесено решение од Комисијата за заштита на конкуренцијата, постојат сериозни сомневања дека евентуално е доделена државна помош спротивно на член 13 од Законот за контрола на државната помош, односно дека може да станува збор за незаконска државна помош во смисла на Законот.

**4. Повик до заинтересираните лица**

Комисијата за заштита на конкуренцијата ги повикува сите заинтересирани лица да достават коментари, забелешки и мислења во писмена форма во врска со предметната постапка.
Коментарите, забелешките и мислењата може да се достават до Комисијата за заштита на конкуренцијата на адреса:
**ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, 1000 Скопје**
или по електронски пат на: **kzk@kzk.gov.mk**
во рок од **30 дена од денот на објавувањето на ова кратко резиме** на веб-страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата.
Доколку заинтересирано лице побара неговиот идентитет да не биде откриен поради можност од настанување штета, Комисијата нема да го открие неговиот идентитет согласно важечките прописи.

**Комисија за заштита на конкуренцијата**
Скопје, 12 јуни 2026 година